# НАРАТИВЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА КУЛТУРНО ЕХО СПРОВЕДЕНИ ВО 2023 ГОДИНА

1. Спроведовме истражување и направивме анализа заклучно со **01.03.2023**, заедно со експерт за урбанизам и градба и архитекти, на сегашните закони за градба и урбанизам и нивните правилници, и утврдивме нивни неправилности и нелогичности. Исто така, спроведовме истражување и анализа на законите за градба и урбанизам и нивните правилници од 73-та и 85-та година, добиени на наше барање од Државен Архив. Направивме споредба помеѓу сегашните и старите закони, и ги издвоивме старите корисни закони кои ги нема повеќе денес, како на пример законот за зелен катастер и законот за сеизмичка стабилност.

2. Снимен е поткаст „Чекајќи го ГУП" на кој беше паралелно работен во перодот од **19.03.2023 - 22.12.2023** преку проект на КСП Центар Јадро. Целта на овој поткаст е да ја крене свеста кај граѓаните за пресудната важност на новиот Генерален урбанистички план на Скопје, кој ќе го обликува развојот на градот во наредните 10 години, имајќи ја моќта да ја заузда нехуманата бетонизација со која тој се соочува. Тој се состои од три епизоди, со следната содржина:

ЕПИЗОДА 01: ШТО, ВСУШНОСТ, ЧЕКАМЕ? (Водител - Марија Арсенкова)

Дискусија на главните принципи на урбаното планирање во Скопје и граѓанскиот отпор кон нивното прекршување, со размена на мислења за поефикасно и заедничко делување на општинските службеници и граѓанските активисти.

ЕПИЗОДА 02: ШТО ТРЕБА ДА ИЗМЕНИМЕ? (Водител - Дафина Шекутковска)

Дискусија на неправилностите во сегашните закони за градба и урбанизам, споредба со законите од 1973 и 1985, базирано на анализата која ја спроведовме, како и правните механизми со кои можеме да ги подобриме, заедно со Архитект и поранешен Урбанистички Инспектор.

ЕПИЗОДА 03: ШТО Е ПОЕНТАТА? (Водител - Мартин Атанасовски)

Дискусија на модерните принципи на урбаното планирање кои би требало да се следат при планирањето на новиот ГУП на Скопје ако тој се води од визијата за хумано живеење, заедно со доктор на науки по урбана социологија и ЕУ магистар по право по животна средина на Европската Унија.

3. Изведен е перформанс „Луѓе од Бетон", во склоп на изложбата на Дафина Шекутковска „Портрет на публиката", чиј куратор беше Милко Несториски, во КИЦ (Културно Информативен Центар Скопје) на **19.04.2023**. Перформансот имаше главна цел, да ја подигне свесноста и видливоста кај граѓаните за новиот Генерален Урбанистички План на Скопје 2023-2033, и истовремено да ги повика на активно вклучување во истиот. Тој се состоеше од различни видови на движења и судири меѓу двајцата актери, кои ја претставуваа згуснатата нехумана бетонизација, како и нивна интеракција со публиката, при што на загледувањето на поединци од публиката се изговараа зборовите „Јас сум новиот Генерален Урбанистички План за Скопје. Ме гледаш?". Перформансот беше придружен со текст на темата до изведбениот простор. Режијата и сценографијата беа на Дафина Шекутковска, а актери во одличната изведба беа Марија Арсенкова и Филип Филипов.

4. Доставена иницијатива заедно со организацијата СТАРТАП до Агенцијата за Млади и Спорт, за формирање на „Младински Хибридни Центри". Се работи за пренамена на напуштени објекти, во младински центри кои ќе бидат спој на научно-технолошки развој, претприемништво, одржливост и култура. Се состои од повеќе целини и програмски активности, меѓу кои се и мултифункционална сала – за изложби, музички настани, предавања, обуки, работилници, перформанси, 'food tech lab' лабораторија за развој на иновативни домашни прехранбени производи, 'hub lab' лабораторија со 3Д принтер и ЦНЦ машина, 'high tech lab' лабораторија за виртуелна реалност и гејминг, библиотека со литература за развивање на знаењата и претприемачкиот дух и друго. Центарот има за цел да промовира еколошка свесност и одговорност, па замислен е неговиот ентериер да е опремен со рециклирани материјали, да користи енергетски ефикасни уреди и соларни панели. Иницијативата е одобрена од Владата на 158-та седница оддржана на **6 јуни 2023 година**.

5. Остварени се две средби со Градоначалникот на Општина Карпош Стефче Јакимовски и спортските ветерани, на кои предложиме модел на функционирање и раководење со салата, кој би бил транспарентен, инклузивен и оддржлив.

6. Учествувавме во дискусијата за подобрување на одржливиот развој - во контекст на SDG самитот 2023 година на Обединетите Нации, каде споделивме предлози и размислувања во однос на достигувањето на SDG целите. Состанокот

беше организиран од НМСМ на **14.09.2023**, каде дискусијата ја водеше Амбасадорката на Обединетите Нации Росана Дуџак.

7. На **05.11.2023** имавме Вонредно Собрание на Културно Ехо, каде за нов Претседател беше избрана Дафина Шекутковска, за Потрецедател Марија Арсенкова, за Секретар Симона Димковска и за одговорен за интернационални односи Томас Ромеро. Исто така, направивме промена на седиштето на организацијата, како и некои измени во Статутот. Документите беа поднесени во Централниот Регистер на **05.12.2023**.

8. Оствaривме панел дискусија на тема „Младински Хибридни Центри: На пресекот помеѓу културата и претприемништвото", во организација со СТАРТАП на **17.11.2023** во Нетавил, чиј Модератор беше Потпрецедателот Марија Арсенкова, како дел од Глобалната Недела на Претприемништво на Република Северна Македонија подржана од УСАИД и Халк банка АД Скопје, преку активноста - партнерства за економски раст. Оваа панел-дискусија беше прилика за запознавање со нашата иницијатива, и разменување мислења со претставници од младите, културниот и деловниот сектор. Гостуваа Јасмина Билаловиќ - извршна директорка на културно-социјалниот простор „Центар-Јадро", Ивана Станкович - член на управниот одбор на СТАРТАП и Матеј Плавевски - млад активист и иноватор

9. Доставена е иницијатива/барање за формирање младински центар во дел од просториите на салата Партизан, како и за добивање канцеларија на Културно Ехо во истите простории, врз основа на меморандумот за соработка кој е потпишан со Општина Карпош за Партизан, заснован на нашиот пет годишен труд при поднесувањето иницијатива, проект и давањето на идејното решение за реставрација на објектот. Иницијативата е поднесена е на **29.11.2023**, и за неа добивме официјална поддршка од Агенцијата за Млади и Спорт, како и од десет организации.

10. Учествувавме на генералното собрание на НМСМ на **23.11.2023 и 24.11.2023** каде се работеше на Националната Развојна Стратегија, како и на финалната консултативна работилница за Националната Развојна Стратегија на **05.12.2023** во Александар Палас, со предлози за подобрување на новата Националната Развојна Стратегија.

11. Заедно со организацијата Стартап оствaривме средба со ЕУ Делегација на **28.12.2023**. На средбата беа дискутирани следните чекори кои треба да се превземат за ревитализација и пренамена на Шалтер Салата на Централната Пошта.

12. На **29.12.2023** присуствувавме на отварањето на спортската сала „Наум Наумовски - Борче" - ПАРТИЗАН, кој претставува успешна иницијатива на Културно Ехо, остварена по пет годишна работа за објектот да се врати во општинска сопственост и да се ревитализира, каде и идејното решение за ревитализација на објектот беше донирано од нашиот член Томас Ромеро.

13. Организацијата во текот на 2023 година освен на социјалните медиуми реализираше и медиумска присутност:

- Радио МОФ - перформансот "Луѓе од Бетон" беше дел од статијата „Портрет на луѓе од бетон" **19.04.2023**
- Info.mk - статија за нашиот поткаст „Граѓparallelаните мора активно да се вклучат при донесување на новиот ГУП за Скопје" **30.05.2023**
- lokalno.mk - нашата заедничка иницијтива со СТАРТАП, беше дискутирана во „Скопје ќе го добие првиот културно иновациски парк" **06.06.2023**
- Радио МОФ - за настанот панел дискусија „Младинските хибридни центри: На пресекот помеѓу културата и претприемништвото" **14.11.2023**
- Радио МОФ „Организации бараат младински хибридни центри во напуштени објекти, еден од предлозите е и Поштата" објавен на **21/11/2023**

**Скопје 30.12.2023**

**Претседател на Културно Ехо**

Дафина Шекутковска